СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2009



Агенција за млади и спорт

Печатењето на оваа публикација е овозможено со финансиска поддршка на Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија

СЕГА Р. Македонија

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2009

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2009

**Издавач**
КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ
ОРГАНИЗАЦИИ СЕГА

**Адреса**
Иво Лола Рибар 5
7500 Прилеп, Македонија
E-mail: sega@sega.org.mk
Web: www.sega.org.mk

**Извршен директор**
Зоран Илиески

**Авторски тим**
Томислав Гајтаноски
Моника Илиоска

**Лектура на превод на Англиски јазик**
John Bannon

**Графички дизајн**
Александар Манчевски

**Тираж**
200 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

061.2-053.6 (497.775) "2009" (047)

ГАЈТАНОСКИ Томислав
Сега : годишен извештај 2009 / [авторски тим Томислав Гајтаноски, Моника Илиоска ; лектура на преводот на англиски јазик John Bannon].
- Прилеп : Коалиција на младински организации СЕГА = Coalition of youth organizations SEGA. 2001. – 28, 27 стр.; илустр. ; 24 см

Насл. стр. на припечатениот текст: SEGA : annual report 2009. –
Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. – Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-9989-7-8
а) Коалиција на младински организации "СЕГА" (Прилеп) – 2009 -
- Извештаи
COBISS.MK-ID 82406922

Печатењето на оваа публикација е овозможено со финансиска поддршка на Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и незадолжително ги рефлектираат мислењата на Агенцијата за млади и спорт

# ИНДЕКС


ВОВЕД ....... 5
Младинска политика ....... 7
Проект: ''Интегрирање на родовата перспектива во младинската политика” ....... 7
Проект: „Проект за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија-Франција и Република Македонија'' ....... 7
Проект: „Промовирање на Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади на РМ'' ....... 10
Проект: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија'' ....... 10
Проект: „Промовирање на Конвенцијата за правата на детето помеѓу децата во Република Македонија'' ....... 11
Проект: „Младинска стратегија во културата на локално ниво'' ....... 12
Младинско учество ....... 14
Проект: „Поттикнување на младинското учество во политичките процеси - Едукација на млади гласачи'' ....... 14
Проект: ''Совети на млади во општините'' ....... 15
Проект: ''Зајакнување на капацитетите на младите (Информирање, Вработување и Партиципација)'' ....... 17
Проект: ''Учество на младите во процесите на креирање политики – ВКЛУЧЕТЕ НЕ СЕГА'' ....... 17
Зајакнување на граѓанско општество ....... 19
Проект: ''Младите во процесите на застапување на локално ниво'' ....... 19
Проект: ''Поттикнување на младинското учество во неразвиените региони'' ....... 20
Проект: ''Младински Информативен Центар'' ....... 21
Институционален развој ....... 22
Проект: ''Административен грант за стратешко планирање'' ....... 22
Организациски активности ....... 24
Меѓународна соработка ....... 24
Контакт точка за програмата Млади во Акција ....... 25
Соработка со институции ....... 25
Финансии & Администрација ....... 27
Баланс на приходи и расходи - Коалиција СЕГА - 2009 година ....... 27
Административна рамка ....... 28
За СЕГА ....... 29

# ВОВЕД

Од формирањето во 2004 година СЕГА своите активности ги насочи кон воспоставување на стратешко партнерство со Агенцијата за млади и спорт, како одговорна владина институција која работи за младите, и го иницираше и учествуваше во процесот на креирање на Националната Стратегија за Млади на Република Македонија. Во понатамошниот период СЕГА работеше на лобирање и застапување за воспоставување на прогресивна правна рамка која ги нагласува младите. Во своето делување во текот на 2007 година заедно со Агенцијата за млади и спорт и канцеларијата на УНИФЕМ во Македонија СЕГА го фацилитираше и учествуваше во процесот на изготвување на Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади, кој беше усвоен на 07 Април 2009 година од страна на Владата на Република Македонија.

Во изминатата година, со поддршка на Институтот за Трајни Заедници и УСАИД во Македонија, СЕГА разви нов Стратешки План за периодот 2010 – 2012 година дефинирајќи ги идните насоки на Коалицијата. Во наредните три години СЕГА ќе се фокусира на поддршка на три главни области: законски регулативи за млади, младински активизам, и младинско учество и информирање.

Во последната година СЕГА започна поспецифично и систематски да го третира младинското учество и младинската политика на локално ниво како дел од Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади. Во согласност со истиот во соработка со Агенцијата за млади и спорт започнавме да развиваме механизми за младинско информирање. Една од најзначајните активности, кои ги реализиравме во изминатата година со поддршка на Детската фондација Песталоци, беше деталното истражување во однос на моменталната ситуација со имплементацијата на Конвенцијата за Правата на Детето во Република Македонија, кое што резултираше со подготвување на Алтернативен извештај. Со овие активности се отвори можност за поспецифично работење со деца и политики за деца.

Во насока на имплементација на Акциониот План од Националната Стратегија за Млади, во втората половина од 2009 година започнавме процес на воспоставување соработка со 10 општини од Македонија преку кој ќе се изработат Локални Младински Стратегии во истите градови.

Во полето на младинското учество во изминатата година на национално и локално ниво спроведовме активности за адресирање на потребата од младинско учество. Покрај тоа, во 2009 година воспоставивме механизми за учество на младите луѓе во процесите на донесување на одлуки во локалните самоуправи, при што се формираа и првите Совети на Млади во Македонија (во општините Штип и Радовиш).
Во насока на поголемо учество на младите луѓе во секојдневниот живот, преку досегашното работење СЕГА утврди дека на младите луѓе им е потребен поголем пристап до информации. Во таа насока СЕГА континуирано работеше на подобрување на можностите за младинското информирање, одржа состаноци со повеќе градоначалници со цел обезбедување на поддршка за воспоставување на локални младински информативни центри (предвидени со акциониот план) кои ќе овозможат конкретни и одржливи ресурси за информирање и советување на младите.

Во своето работење во 2009 година СЕГА го продолжи процесот на зајакнување на капацитетите на младинскиот сектор во помалку развиените региони, каде е идентификувано ниско ниво на младински активизам. Процесот на градење капацитети на младинските grassroots организации е дел од новиот Стратешкиот План на СЕГА за следните три години. Како коалиција на младински организации, СЕГА е посветена на вреднување на своите организации членки. Членство во СЕГА значи пристап до информации, можности за вмрежување, помош при спроведување на проекти и консултантска поддршка на своите организации членки. Континуираниот развој на СЕГА се бележи и преку зголемувањето на членството кое на крајот на 2009 година брои 34 организации, од кои се 18 основни и 16 се придружни членки на СЕГА.

Гледајќи кон 2010 година и понатаму, СЕГА е спремна за нови предизвици од кои ќе креира можности за да го подобри статусот на младите во Македонија. СЕГА ќе се залага за да ги претвори легислативните промени во реалност за младите луѓе. Како коалиција и организација, ние се стремиме кон поддршка на младите луѓе во секој аспект од нивниот живот, нашиот успех ќе биде измерен од способноста на младите луѓе да се носат со новите предизвици и да ги искористуваат новите можности. СЕГА ќе продолжи да го претставува гласот на младите од Македонија до локалните и националните институции, како и пред Европските младински асоцијации. Свесни сме дека сеуште има простор за подобрување, тоа ќе го правиме преку постојано лоцирање нови потреби и широко вклучување на засегнатите страни во решавањето на истите. СЕГА ќе продолжи да се залага за прогресивна младинска политика која ги почитува правата на младите и ќе ги перципира како ресурс каков што всушност и се, ќе ги поттикнува да бидат активни, демократски и продуктивни граѓани.



Коалиција на младински организации СЕГА
Извршен директор
Зоран Илиески



# Младинска политика

## Проект: ’’Интегрирање на родовата перспектива во младинската политика”

Проектот „Интегрирање на родовата перспектива во младинската политика“ се имплементираше во период од 01 септември 2007 до 31 декември 2009 година. Целта на овој проект беше да се изготви Акционен план за имплементација на Националната Стратегија за Млади (НСМ) на Република Македонија. Овој проект беше имплементиран заедно со Агенцијата за млади и спорт и канцеларијата на УНИФЕМ во Македонија при што СЕГА го фацилитираше и учествуваше во процесот на изготвување на Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади.
Откако Акциониот План за Имплементација на Националната Стратегија за Млади на Република Македонија беше финализиран, во декември 2008 година беше поднесен до Владата на Република Македонија на усвојување. На 7 април 2009 година на седница на Влада на Република Македонија беше усвоен Акциониот План за имплементација на НСМ.

После усвојување на Акциониот План (АП) за имплементација на НСМ истиот беше преведен и испечатен во еден документ на македонски, англиски и на албански јазик во тираж од 1500 примероци.

На 11 април 2009 година во просториите на Агенција за млади и спорт на РМ беше организирана национална прес конференција. На овој настан беше презентиран Акциониот План со што се обезбеди поголемо информирање на јавноста за усвојувањето на овој документ.




Со цел да се информираат локалните засегнати страни за усвоениот АП за имплементација на НСМ беа организирани 10 промоции во следниве 10 општини: Штип (27 мај 2009), Прилеп (28 мај 2009), Центар – Скопје (15 септември 2009), Струмица (24 септември 2009), Охрид (25 септември 2009), Битола (02 октомври 2009), Делчево (12 ноември 2009), Кисела Вода – Скопје (22 декември 2009), Аеродром – Скопје (22 декември 2009) и Тетово (28 декември 2009). На овие настани присуствуваа 305 претставници од локалните самоуправи, локалните институции и организации, студенти и средношколци. Овие средби беа организирани и водени од претставници на Агенција за млади и спорт и Коалиција СЕГА, кои истовремено беа искористени за лобирање на локалните власти за воспоставување на механизми за имплементација на АП.

## Проект: „Проект за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија-Франција и Република Македонија’’

Во рамките на Проектот за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија – Франција и Република Македонија, раководен од Асоцијација на Агенции за Локална Демократија (ALDA), Коалицијата СЕГА ја раководи Акцијата 2 која специфично се однесува на „Помагање на локалните авторитети да дефинираат и имплементираат одржливи и партиципативни младински политики“.

Во текот на 2009 година беа организирани:

- една студиска посета во Каен, Долна Нормандија;
- две тркалезни маси: „Размена на искуства за предностите од имплементацијата на билингвалните паралелки во Република Македонија“ и „Размена на искуства за предностите од збратимувањето на градови“;
- два семинари: „Работилници за размена на искуства за предизвиците од младинското учество во донесувањето на одлуки на локално и регионално ниво“ и „Младинско информирање и локални политики – искуства и предизвици“.

Коалиција СЕГА и Европска Куќа од Каен – Долна Нормандија организираа „Студиска посета за средношколски организации во Долна Нормандија – Франција“. Студиската посета се реализираше во период од 26 до 30 април 2009 година во Каен – Долна Нормандија. За учество во оваа активност беа избрани 3 средношколци од Република Македонија (1 од Гевгелија, 1 од Битола и 1 од Скопје) кои се активни членови во нивните средношколски организации, а еден беше и претседател на Средношколската Унија на Македонија. Целта на оваа активност беше да се разменат искуства за работата на средношколските организации во Република Македонија и регионот на Долна Нормандија. За време на студиската посета во Долна Нормандија тие имаа можност да посетат приватни и државни средни училишта и имаа состаноци со претставници од средношколските организации од овие училишта. Исто така, тие имаа состанок со поранешниот Генерален Секретар на Советот на Европа како и состанок со претставници од Одделот за Човекови Права и Одделот за Млади и Спорт при Регионалниот Совет на Долна Нормандија. За време на студиската посета претставниците од Република Македонија имаа можност да посетат и Младински Информативен Центар, а учествуваа и на затворањето на културниот фестивал „Преамбула Македонија“ организиран од асоцијацијата Balkans-Transit.




На 20 мај 2009 година во хотел Премиер, Битола, беше организирана тркалезна маса „Размена на искуства за предностите од имплементацијата на билингвалните паралелки во Република Македонија“. Целта на организирањето на оваа тркалезна маса беше да се разменат позитивни искуства од работата на билингвалните паралелки во Република Македонија. На оваа тркалезна маса учествуваа претставници од локални самоуправи, професори од билингвални паралелки, професори по Француски јазик, директори и ученици од Свети Николе, Тетово, Прилеп, Скопје и Битола, како и почесниот Конзул на Франција, г-ѓа Калиопа Стилиновиќ. Претставниците од училиштата каде што веќе се имплементираат билингвалните паралелки ги презентираа своите искуства од проектите кои ги спроведуваат со француски училишта. Исто така на оваа тркалезна маса се дискутираше и за предизвиците и можностите од заедничкото работење.

Во периодот од 11 - 14 јуни 2009 година во хотел Оаза – Штип, беше организирана „Работилница за размена на искуства за предизвиците од младинското учество во донесувањето на одлуки на локално и регионално ниво“. Целта на овој семинар беше да се разменат искуства од Македонија и Франција за вклучувањето на младите во процесите на донесување на одлуки на локално и регионално ниво. На овој семинар учествуваа претставници од невладини организации од регионот на Долна Нормандија – Франција,

претставници од Локални Самоуправи од Прилеп, Штип, Гевгелија, Кавадарци, Радовиш и Аеродром и претставници од младински организации од истите општини. На денот на своето пристигнување гостите од Долна Нормандија имаа можност да посетат две локални организации Локалната фондација за поддршка и развој и Младинскиот Клуб од Штип. Исто така тие имаа можност да ја посетат Локалната Самоуправа во Штип, каде што се сретнаа со Претседателот на Советот на општина Штип. За време на семинарот учесниците беа воведени во темата младинско учество, учеа за форми на младинското учество, застапување и лобирање и разработуваа повеќе модели на соработка во процесите на донесување на одлуки.

Во период од 21 - 23 август 2009 година во хотел Климетица во Охрид беше организиран семинар на тема „Младинско информирање и локални политики – искуства и предизвици“. На семинарот учествуваа претставници од пет локални самоуправи (Штип, Аеродром, Кисела Вода, Ресен и Свети Николе) како и претставници од локални младински организации од истите градови. На овој семинар учество зедоа и претставници од Долна Нормандија (од Европската Куќа од Каен, Лигата за Образование, претставник од Министерството за Млади и Спорт на Република Франција – одговорен за Youth in Action програмата која е во состав на ЕУ, Центарот за нови технологии и еден претставник од средношколската унија на Долна Нормандија). Претставниците од Франција имаа средби со претставници од локалната самоуправа во Охрид, Младинскиот Совет Охрид и НВО Опција од Охрид. Во текот на семинарот француската делегација оствари средба и со претставници од Националната Агенција за Европски Образовни програми и мобилност од Македонија. Во работниот дел на семинарот се дискутираше за улогата на младинското информирање во рамките на младинските политики во Република Македонија и регионот на Долна Нормандија. Претставниците од невладините организации ги презентираа своите искуства кои се однесуваа на начинот на информирање на младите во Македонија и регионот на Долна Нормандија. На семинарот се дискутираше за пречките, можностите и очекувањата од имплементирањето на механизми за младинско информирање во пракса, како што се Младинските Информативни Центри.



Коалиција на младински организации СЕГА на 16 септември 2009 година, во хотел Holiday Inn организираше тркалезна маса на тема „Размена на искуства за предностите од збратимувањето на градови“. На овој настан учество зедоа градоначалници и претставници од Локални Самоуправи од регионот на Долна Нормандија – Франција и од Република Македонија. Оваа тркалезна маса имаше за цел да се пренесат добрите пракси и искуства на градовите кои веќе имале збратимување со други градови од земјите на ЕУ и да се иницираат нови збратимувања помеѓу градовите од двете територии. Исто така на овој настан беше промовирана програмата Европа за Граѓаните (Europe for Citizens) како алатка која би придонела кон соработка и збратимување на градовите како и зајакнување на соработката на веќе збратимените градови од Република Македонија и регионот на Долна Нормандија – Франција.

**Проект: „Промовирање на Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади на РМ’’**



Во периодот мај – декември 2009 година Коалиција СЕГА го имплементираше проектот „Промовирање на Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади“. Проектот беше финансиран од Агенција за млади и спорт на Република Македонија. Целта на овој проект беше претставниците од локалните самоуправи, институции, организации, основни и средни училишта, средношколци и студенти да се информираат и запознаат со Акциониот План за имплементација на НСМ.

Во овој период беа организирани 10 промоции во следниве општини: Радовиш (27 мај 2009), Ресен (22 септември 2009), Гевгелија (24 септември 2009), Струга (25 септември 2009), Валандово (07 октомври 2009), Виница (09 октомври 2009), Свети Николе (09 октомври 2009), Кавадарци (14 октомври 2009), Неготино (14 октомври 2009) и Берово (12 ноември 2009).

На овие промоции присуствуваа 284 претставници од локалните институции и организации, студенти и средношколци. Со организирањето на овие промоции успеавме да ја подигнеме свеста кај засегнатите страни да започнат да имплементираат активности од приоритетите од Акциониот План од НСМ во насока на подобрување на општата состојба на младите во Република Македонија.

**Проект: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија’’**

Коалиција на младински организации СЕГА во периодот од 01 мај - 31 декември 2009 година го спроведе проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“. Проектот беше финансиран од Pestalozzi Children’s Foundation и Коалиција СЕГА. Целта на проектот беше да се создаде објективна слика за имплементацијата на Конвенцијата во областите: партиципација, образование, правна рамка и слобода на изразување на децата, а врз основа на анализите од државниот извештај наспроти препораките донесени од страна на Комитетот за Правата на Детето при Обединетите Нации. Проектот се спроведуваше во 14 градови во Република Македонија (Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар, Дебар, Прилеп, Битола, Кавадарци, Охрид, Ресен, Струга, Штип, Виница и Гевгелија). Крајниот резултат на проектот беше подготовка на Алтернативен Извештај со формулирани препораки кои ќе бидат презентирани пред Комитетот за Правата на Децата на ОН, во Женева, во февруари 2010 година.

Главните активности на проектот вклучуваа: воспоставување на соработка со други НВОи кои работат на истото поле, спроведување на истражувања и анализа на прибраните податоци во алтернативниот извештај. Методологијата за целокупното истражување беше подготвена од надворешни консултанти.

Процесот на истражување вклучуваше: анкета со која беа опфатени деца на возраст од 13 – 17 години, мапирање на локалните институции и организации вклучени во решавање на проблемите на децата, истражување на законската легислатива и други државни документи за имплементација на Конвенцијата за правата на децата како и спроведување на фокус групи со деца и родители на локално ниво. Наодите од истражувачките процеси беа сумирани во Алтернативниот Извештај.




Преку истражувањето беа опфатени: 60 деца со пилот истражувањето во Прилеп и Скопје, 1082 деца на возраст од 13 – 17 години со анкетирање, беа мапирани локални институции и организации во 14 градови, а преку фокус групи беа опфатени 59 родители и 78 деца на возраст од 10 - 12 години.

Во ноември 2009 година, Коалиција СЕГА го достави Алтернативниот извештај за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето до Комитетот на ОН за правата на детето, во Женева.

## Проект: „Промовирање на Конвенцијата за правата на детето помеѓу децата во Република Македонија''

Во период од 12 октомври до 12 декември 2009 година Коалиција на младински организации СЕГА го имплементираше проектот „Промоција на Конвенцијата за правата на детето помеѓу децата во Република Македонија“. Проектот се имплементираше во општините Прилеп, Охрид, Штип, Тетово и Скопје и имаше за цел да се промовира Конвенцијата за правата на детето помеѓу децата во Македонија. Проектот беше финансиран од Pestalozzi Children’s Foundation.

Во рамките на овој проект  беа организирани 2 координативни состаноци со локалните партнери на кои се координираше и евалуираше напредокот од имплементацијата на проектот. Во период од 17 – 27 октомври 2009 година беше објавен повик за доставување на апликации за PEER едукатори, а на 29 октомври 2009 година Комисијата за евалуација на пристигнатите апликации ги разгледа доставените апликации и даде препорака за селекција на 15 од нив.

Од 06 – 08 ноември 2009 година во Студентскиот дом „Орде Чопела“ – Прилеп се одржа Тренинг за тренери. Обучувач на овој тренинг беше Заменикот Народен Правобранител за заштита на правата на децата. Учесниците на тренингот (на возраст од 13 – 15 години) се стекнаа со знаења и вештини за поимот право, основните детски права, Конвенцијата за правата на детето, права и обврски кои произлегуваат од овој документ како и како децата можат да ги остварат и заштитат своите права пропишани во Конвенцијата.

Во ноември и декември 2009 година беа организирани вкупно 30 едукативни работилници за Конвенцијата на правата на детето во 5 средни и 5 основни училишта во градовите каде се имплементираше проектот. Секој од обучените млади едукатори организираше по 2 работилници за своите врсници на кои им беа презентирани правата, принципите на Конвенцијата, како и обврските на децата. На крајот на секоја работилница на учениците им беше поделено CD со Конвенцијата за правата на детето на 48 јазици.

Наредна активност од овој проект беше Организирање на состаноци со локални и национални власти задолжени за имплементација на Конвенцијата за правата на детето. Во насока на имплементација на оваа активност локалните координатори организираа состаноци со претседателите на Советите на општините во Прилеп, Охрид, Тетово, Штип и Чаир – Скопје со цел да се утврди дали во рамките на нивните општини е формирана Комисија за заштита на правата на децата. Од овие состаноци беше утврдено дека вакви комисии се формирани во Прилеп, Штип и Чаир – Скопје. Локалните координатори од овие градови организираа состаноци и со претседателите на Комисиите на кои беше утврдено кој е доменот на нивната работа, како тие функционираат и каков тип на активности спроведуваат.



Како последна активност од овој проект беше Подготовка и организирање на локални настани за промоција на Конвенцијата на правата на детето. Секој од локалните координатори организираше состаноци со директорите на основните училишта со кои претходно беа потпишани Меморандуми за соработка. На овие состаноци се разговараше за заедничка организација на приредба. За таа цел беа објавени повици за најдобра ликовна творба и поетска творба за членовите 4, 12, 13, 14, 15, 28 и 29 од Конвенцијата. Потоа беа формирани Комисии кои одлучуваа кои од пристигнатите ликовни и литературни творби ќе бидат наградени. На 03 декември 2009 година во Охрид и Скопје, а на 09 декември во Прилеп се одржаа настани за промоција на Конвенцијата под мотото „Моите Права“. Во Тетово овој настан беше организиран на 17 декември и во Штип на 14 декември 2009. На приредбите учество зедоа ученици од одделенска и предметна настава од овие училишта кои преку драмски точки, рецитали, песнички, хор, песни изведени на англиски и германски јазик во однос на правата на детето. Пристигнатите ликовни и литературни творби беа изложени во училиштата на денот на одржувањето на приредбите. На настаните беа доделени благодарници за даден придонес на училиштата, а беа доделени и дипломи за најдобри ликовни и литературни творби.

## Проект: „Младинска стратегија во културата на локално ниво''

Коалиција на младински организации СЕГА од 01 декември 2009 година започна со имплементација на проектот „Младинска стратегија во културата на локално ниво“. Проектот ќе се имплементира во период од 4 месеци, а финансиран е од Министерството за култура на Република Македонија. Целта на проектот е да се изготви и усвои Локална Младинска стратегија во културата на општина Прилеп, со што би се обезбедило првото искуство во Македонија преку кое останатите општини би можеле да го базираат креирањето на вакви документи.



Предвидени активности од проектот вклучија: утврдување на состојбата/проблеми и потреби, изготвување на драфт Локална Младинска стратегија (ЛМС) во културата, организирање на јавна расправа која ќе обезбеди учество на јавноста при креирањето на локалните политики, изработка на драфт од јавните расправи и доставување на Драфт од ЛМС во културата до Советот на општина Прилеп. Во текот на декември се одржа првиот координативен состанок со претставници од културните институции и организации – членови на работната група која ќе ја изготвува локалната младинска стратегија за култура.

# Младинско учество

**Проект: „Поттикнување на младинското учество во политичките процеси - Едукација на млади гласачи’’**

Во период од 01 октомври 2008 година до 31 мај 2009 година Коалиција СЕГА го имплементираше проектот „Поттикнување на младинското учество во политичките процеси – Едукација на млади гласачи“, во општините Струга, Охрид, Ресен, Битола, Демир Хисар, Прилеп, Кавадарци, Неготино, Гевгелија, Штип, Струмица, Берово и Радовиш. Со финансиска поддршка на Националниот Фонд за Демократија (National Endowment for Democracy) и Коалицијата СЕГА проектот имаше за цел да обезбеди едукација на младите за учество во изборен процес, избирачки права, изборен систем и политички субјекти придонесувајќи кон подигање на свеста за важноста од учество во изборните процеси кај младите гласачи од урбаните и руралните средини. Овој проект обезбеди организирање на работилници во средните училишта во завршните класови за ученици кои наполниле 18 години и имаат право да гласаат, форуми во 26 рурални средини, инфо - денови како и музички настани во 5 градови. До крајот на 2008 година беа селектирани 26 локални едукатори, претставници на граѓанскиот сектор, кои во понатамошниот период од имплементација на проектот ги спроведуваа предвидените активности на локално ниво. За таа цел, во 2008, беше спроведен *Тренинг за Тренери* со цел да ги развијат своите организациски и презентерски вештини.

До крајот на проектот беа реализирани 125 работилници за младите во средните училишта од селектираните градови кои за прв пат гласаа на Локалните и Претседателските Избори во 2009 година. Работилниците вклучуваа општи информации за Изборниот Законик на РМ, правата и обврските на гласачите, основната структура на политичкиот и изборниот систем во Македонија, и улогата на граѓаните во донесувањето одлуки на локално ниво. Преку едукативните работилници во средните училишта беа опфатени <u>3382 матуранти</u>.

Беа организирани и 18 форуми во рурални средини, преку кои се опфатија 423 млади луѓе. На овие настани младите луѓе беа информирани за важноста да учествуваат во изборниот процес преку развојот на критичко мислење и однесување во одлучувањето за гласање, а во исто време им беше објаснета гласачката процедура.




Со цел да се опфатат што е можно поголем број на млади луѓе, во март 2009 година беа организирани 22 инфо - денови (Прилеп 4, Битола 2, Охрид 2, Штип 2 Гевгелија 2, Берово 2, Ресен 2, Неготино 2, Кавадарци 2 и Струга 2). На овие настани беа поделени 33 000 информативни флаери. Исто така со цел да се информираат граѓаните за избирачкиот процес во текот на март во пет градови (Кавадарци, Охрид, Штип, Гевгелија и Прилеп) од Р.М. беа организирани музички хепенинзи. На 5 март во Прилеп, беше организирана и јавна трибина, на која присуствуваа матурантите од сите средни училишта.

На крајот од последниот месец на имплементација на проектот, беше организиран дводневен евалуационен семинар. На семинарот учествуваа локалните едукатори и проектниот тим. Целта на овој семинар беше да се евалуира вкупното влијание на проектот, да се споделат искуствата и добрите пракси стекнати за време на имплементацијата на проектот. Беа идентификувани потребите од дополнителни интервенции кои ќе придонесат кон поуспешни проекти во иднина во поглед на граѓанското образование во полето на младинското учество во политичките процеси.

Според препораките донесени на евалуациониот семинар, беше договорено да се спроведе истражување со цел да се направи проценка за влијанието од спроведените едукации во средните училишта. Истражувањето беше спроведено за време на месец мај 2009 година, во 12 градови од страна на локалните едукатори вклучени во проектот. Со ова истражување беа вклучени 3 032 испитаници – средношколци. Наодите од ова истражување се користат при дизајнирањето на проектите и програмите на Коалиција СЕГА кои се однесуваат на граѓанска едукација и учество на младите во политичкиот и граѓанскиот живот.

## Проект: ''Совети на млади во општините''

Во период од 01 декември 2008 до 31 јануари 2010 година, Коалиција СЕГА го имплементираше проектот **„**Совети на млади во општините**"**, во општините Штип, Радовиш и Ресен. Проектот беше спроведен со поддршка на Институтот за Трајни Заедници (ИТЗ) во рамките на проектот „Зајакнување на граѓанското општество", кој е финансиран од УСАИД програмата во Македонија. Целта на проектот беше да се воспостават и институционализираат механизми за младинско учество во работата на локалните самоуправи и да се воспостават практики на идентификување и решавање на локални младински проблеми со вклученост на сите засегнати страни во општините. Преку овој проект **се формираа првите два Совети на Млади во Македонија**, преку кои се обезбеди систематско и институционално учество на младите во работата на општинските совети на Штип и Радовиш.



Предвидените проектните активности овозможија подготовка на измени и дополнувања на статутите на општините, формирање на Совети на Млади и Младински Парламенти, нивно функционирање, јакнење на капацитетите на овие младински структури преку обуки, идентификување на младински проблеми на локално ниво и нивно решавање. Овој проект даде соодветен придонес кон активно вклучување на младите во процесите на децентрализација во Република Македонија. Во текот на предвидените активности до крајот на 2008 година се реализираа средби со градоначалниците од селектираните општини преку кои истите директно беа информирани за предвидените проектни активности и беше утврдена динамиката на спроведување на проектот во секоја од општините. Во рамките на истиот период беше потпишан Меморандум за Соработка со градоначалникот на општина Ресен, додека пак меморандуми за соработка со останатите општини, во согласност со планот за имплементација, беа потпишани во текот на 2009 година.

Во почетокот на 2009 година беа формирани работни групи за подготовка на предлог измените на Статутите. Во работните групи учествуваа по еден претставник од кабинетите на градоначалниците, по еден претставник од советите на општините, по еден претставник од партнерските НВОи од општините, координаторот и асистентот на проектот. Работните групи преку низа на состаноци изготвија предлог измени на статутите на општините и ги доставија до градоначалниците.

Во селектираните општини **беа формирани Младински Парламенти** кои ги сочинуваат младински групи од сите засегнати страни на локално ниво (средношколци, студенти, подмладоци од политички партии). Локалните координатори беа задолжени да ги идентификуваа членовите на младинските парламенти и да го фасилитираат формирањето на парламентите. Преку овој механизам на неформално здружување младите дискутираа за своите проблеми и предлагаа решенија до воспоставените совети на млади кои понатаму ги застапуваа пред советите на општините и градоначалниците. Во втората половина од 2009 година беа организирани обуки и работилници за членовите на младинските парламенти за фасилитација, пишување проекти, раководење со проектен циклус. Во насока на поддршка на институционалното работење беа изготвени и Годишни програми за работа на младинските парламенти.

На 30 септември 2009 година Советот на општина Штип и на 09 Декември 2009 година Советот на општина Радовиш (по усвоените измени на општинските статутите) по пат на јавен оглас ги избраа членовите на првите два Совети на Млади во Македонија. По формирањето на советите, проектот обезбеди процес на градење на капацитети на членовите на советите на млади со цел тие да се оспособат во извршувањето на своите обврски и да ја преземат улогата на фасилитатори на младинските парламенти. Останува во текот на јануари 2010 година предлог измените на статутот на општина Ресен да бидат ставени на дневен ред на седница на Советот на општината и да следи процесот на формирање на советот на млади на општина Ресен.



Во рамките на проектот беа поддржани 4 иницијативи на младинските парламенти од трите градови, кои третираа специфични младински проблеми. Беа поддржани две младински иницијативи поднесени од младинскиот парламент на Ресен („Културна олимпијада“ и „Јакнење на капацитетите на младите ракометарки од општина Ресен“) со вкупен буџет од 64 873 денари. Во Штип беше поддржана младинската иницијатива „Културна веб страна за младинско информирање во Штип“ со вкупен буџет од 42 120 денари, додека пак во Радовиш беше поддржана иницијативата на младинскиот парламент под мотото „Стоп за алкохолот“ со вкупен буџет од 28 412 денари.

Во период од 11 – 13 декември 2009 година во хотел Белведере- Охрид, беше организиран тренинг за Застапување и Лобирање, за членовите од координативните тела на младинските парламенти и членовите на формираните совети на млади. Преку овој тренинг учесниците имаа можност да ги зголемат своите знаења и вештини за застапување и лобирање кои би им биле неопходни во нивното понатамошно функционирање.

**Проект: ’’Зајакнување на капацитетите на младите (Информирање, Вработување и Партиципација)’’**

Од 01 март 2009 година Коалиција на младински организации СЕГА започна да го имплементира проектот “Зајакнување на капацитетите на младите“ (информирање, вработување и партиципација). Проектот се имплементираше во период од пет месеци, (01 март – 31 мај 2009 година и 01 септември - 31 октомври 2009 година). Со финансиска поддршка на Генералниот Секретаријат при Владата на Република Македонија и Коалицијата СЕГА проектот имаше за цел да даде придонес кон зајакнување на капацитетите на младите и младинските структури, со цел структуриран приод кон решавање на младинските потреби.

Со проектот се реализираа следните активности: координативни состаноци, состаноци со заедницата, информативни работилници, обуки за локалните засегнати страни, основање и функционирање на Младински Информативни Центри во три општини, печатење и дистрибуција на информативни материјали, формирање на Младински Консултативни Тела, обезбедување на информации за можностите од стекнување на волонтерска пракса на младите во Македонија и европските држави, испорачување на обуки за полесен пристап до вработување, следење на информации за нови работни места и воспоставување на младинска берза за вработување.
Преку имплементацијата на проектните активности директно се опфатија 687 млади на возраст од 18 – 30 години од Скопје, Струга и Охрид.

**Проект: ’’Учество на младите во процесите на креирање политики – ВКЛУЧЕТЕ НЕ СЕГА’’**

Во период од 01 мај – 15 декември 2009 година Коалиција СЕГА го имплементираше проектот „Учество на младите во процесите на креирање на политики на локално ниво – Вклучете не СЕГА“, со финансиска поддршка од UNIFEM и Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија. Проектот се имплементираше во четири општини од Република Македонија: Прилеп, Општина Центар – Скопје, Тетово и Охрид. Проектот имаше за цел да се придонесе во процесот на интегрирање на родовата перспектива на локално ниво, посебно во процесот на младинско учество и младинско информирање. Со овој проект беа опфатени членови од локалните Комисии за млади и спорт и Комисиите за еднакви можности помеѓу жените и мажите при општинските совети, младински организации и организации кои работат на родови прашања од Охрид, Тетово, Прилеп и Општина Центар – Скопје. Овој проект беше дел од Акциониот План за имплементација на НСМ.



Во рамките на овој проект беа спроведени следниве активности: организирање на координативни состаноци, изготвување на комуникациска стратегија, организирање на семинар за Младинско Учество и Младинско Информирање, спроведување на мапирање за утврдување на состојбата со учеството на младите во процесите на одлучување во селектираните општини и Спроведување на Кампања **„Вклучете не СЕГА“.** Кампањата Вклучете не СЕГА вклучуваше изготвување и емитување на ТВ спот, подготовка и дистрибуција на флаери, организирање на тркалезни маси за утврдување на пречките за недоволното

учество на младите, организирање на тренинг за тренери, организирање на работилници за едукација и мотивација на младинското учество и организирање на јавни трибини на тема: „Учество - дали општината има потреба од младинското учество“.

Беа организирани 4 координативни состаноци со локалните координатори на кои се координираше тековната имплементација на локалните активности и планирање на спроведувањето на идните активности. На 06 јуни 2009 година во Централната Канцеларија на Коалиција СЕГА во Прилеп, се одржа работилница на која беше изготвена Комуникациска Стратегија за потребите на проектот која помогна поефикасно да се доближи проектот до целните групи.

Во период од 16 – 19 јуни 2009 година, во хотел Оаза Штип, беше организиран семинар на тема "Младинско учество и младинско информирање". На семинарот учествуваа претставници од четири општини опфатени со проектот: Прилеп, Охрид, Тетово и Општина Центар – Скопје, вклучувајќи претставници на Локална самоуправа, Општински Совет, Комисија за млади и спорт, Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените, претставници на младински организации и организации кои работат на родови прашања. Во текот на семинарот се дискутираше за различните начини на учество на младите жени и мажи во креирање на политики на локално ниво, за моменталните состојби во општините анализирано од родова перспектива како и за постоечките можности за учество во секоја од општините. Преку работа во групи, учесниците изготвија Акциони Планови за предлог механизми кои би обезбедиле учество на младите во работата на општините на две нивоа: Ниво на креирање политики и Ниво на програмско работење на општините.

Спроведувањето на Кампањата под мотото „Вклучете не СЕГА“ се одвиваше во период од јули – декември 2009 година. За потребите на истата беа изготвени флаери и беше изготвен ТВ спот кој се емитуваше на 3 локални и една национална телевизија. Во рамките на кампањата беше организиран Тренинг за тренери (во периодот од 25 – 29 септември 2009 година), за претставници од младински организации, средношколци и студенти. Обучените тренери организираа 12 работилници за средношколци, 8 работилници за студенти и 4 работилници за младински НВОи на тема Младинско учество преку кој опфатија 660 млади од четирите општини .

Во текот на кампањата, локалните координатори организираа тркалезни маси и јавни трибини на тема „Учеството на младите во процесите на креирање на политики на локално ниво“ на кои ги презентираа заклучоците од анализата од спроведеното мапирање во општините.



Како финална активност, на 25 ноември 2009 година во Клуб на новинари во Скопје, беше организирана тркалезна маса на тема "Учество на младите девојки и жени во процесите на креирање политики". Целта на овој настан беше да се разменат искуства за учеството на младите девојки и жени во процесите на креирање политики и да се разгледаат нови можности кои би обезбедиле поголемо информирање и учество на младите девојки и жени во процесите на донесување на одлуки во локалните самоуправи.

# Зајакнување на граѓанско општество

## Проект: ’’Младите во процесите на застапување на локално ниво’’

Проектот „Младите во процесите на застапување на локално ниво“ се спроведуваше во период од ноември 2008 до август 2009 година со финансиска поддршка од Балканскиот Фонд за Демократија (Balkan Trust for Democracy). Проектот имаше за цел да обезбеди поддршка за основање и развој на младински организации од источна Македонија и да се иницира активно учество на тие организации во демократските процеси на локално ниво.



Со овој проект беше креирана мрежа од неформални групи од млади и 10 младински организации во регионот на источна Македонија (ноември – декември 2008), направена беше проценка на моменталниот капацитет на младинските организации врз основа на што се организира процес на подобрување на нивните организациски капацитети (20 декември 2008) За 5 неформални групи проектот обезбеди правна и финансиска поддршка и го поддржа процесот на нивната официјална регистрација во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации (декември 2008 – јануари 2009). За да се зајакнат капацитетите на вклучените младински организации беа организирани обуки на следните теми:

- ***Комуникациски вештини и Тимска работа*** (23 - 25 јануари 2009, хотел Оаза Штип) – На оваа обука младинските организации од Источна Македонија се стекнаа со знаења и вештини за комуникација (вербална и невербална), лидерство, и практикување на тимска работа во организацијата.
- ***Раководење со проектен циклус*** (30 јануари – 01 февруари 2009 година, хотел Оаза Штип) – Оваа обука имаше за цел учесниците да се запознаат со техниките за развивање и раководење со проекти, буџетирање и раководење со финансиски средства, како и проектно известување.
- ***Застапување и лобирање*** (06 – 08 февруари 2009 година, хотел Оаза Штип) – Преку оваа обука вклучените младински организации ги зајакнаа своите вештини за застапување и лобирање. Во текот на обуката преку практична работа организациите развиваа локални кампањи за застапување.

Коалиција СЕГА со имплементацијата на овој проект поддржа 5 локални/регионални кампањи за застапување на специфични интереси на младите луѓе од регионот, со вкупна финансиска поддршка од 5 000 УСД. За таа цел на 19 март 2009 година во Свети Николе беше организирано свечено потпишување на Договорите со петте организации чии што проекти беа избрани преку Јавниот повик за поддршка на локални кампањи за застапување. Грантови беа доделени за следниве иницијативи:

- **„Внимавајте на вашите акции, тие стануваат навика“** – „Организација на жени на општина Свети Николе“ во партнерство со „Визија Нова“ од Свети Николе. Целта на проектот беше да се придонесе кон подигнување на свеста на младите за последиците од дрога, алкохол и цигари.
- **„Младите за чисто и еколошко Делчево“** – НВО „Гласот на младите“ – Делчево. Целта на овој проект беше да се придонесе кон зголемување на еколошката свест на граѓаните на општина Делчево.
- **„Придонес на младите кон подобрување на културниот живот во Берово“** – НВО „Културно движење на младите ПОСТМОДЕРНА“ во партнерство со НВО „ГАМА“ – Берово. Целта на проектот беше да се иницира дијалог за културниот развој во Берово.
- **„За – спортски активности на младите“** – НВО „Развој – Иднина“ од Радовиш. Цел на овој проект беше подобрување на условите за реализација на спортски активности и здрав начин на живот на младите во Радовиш.
- **„Подигање на свеста кај младите за штетноста од алкохолот и цигарите“** – НВО „Иницијатива на невработени интелектуалци“ во партнерство со НВО „Млади Ентузијасти“ – Виница. Целта на овој проект беше да се намали застапеноста на алкохолот и тутунот кај младите во Виница.

По спроведувањето на локалните кампањи за застапување Коалиција СЕГА подготви и испечати публикација „Младите во креирање промени во заедницата“, која содржи успешни примери и приказни од реализацијата на кампањите за застапување (кои беа поддржани со проектот) како и компаративна анализа на успешни и неуспешни акции со практични препораки за имплементација на кампањи за застапување.

## Проект: ’’Поттикнување на младинското учество во неразвиените региони’’

Од 01 октомври 2009 година Коалиција на младински организации СЕГА започна да го имплементира проектот “Поттикнување на младинското учество во неразвиените региони“. Проектот се имплементира во период од 10 месеци во Прилеп, Битола, Ресен, Охрид, Струга, Гевгелија, Неготино и Кавадарци, а е финансиран од Националниот Фонд за Демократија (National Endowment for Democracy).



Целта на проектот е да се зголеми граѓанското учество во креирањето на политики и во процесите на донесување на одлуки на локално ниво, посебно акцентирајќи ја промоцијата на младинското учество. Предвидени активности од проектот се: организирање на Тренинг за тренери за Младинско учество, подготовка и печатење на прирачници за: „Младинско учество“ и „Лобирање и застапување“, организирање на обуки за НВО, поддршка на локални кампањи за застапување, организирање на обуки за младите советници во советите на општините, организирање на состаноци со градоначалници и подготовка и дистрибуција на публикација од реализираните кампањи. Директни корисници од овој проект се 8 младински организации, млади советници во општинските совети од опфатените 8 градови во РМ.

На 15 ноември 2009 година се одржа координативен состанок со 8 претставници од НВО на кој беа дефинирани следни активности и беа потпишани Меморандуми за соработка. Во периодот од 04 – 06 декември 2009 година во хотел Оаза Штип беше организиран Тренинг за тренери на тема „Младинско Учество" преку кој се формира јадро на тренери на СЕГА за истата тема. На тренингот присуствуваа 10 учесници - претставници од организации членки на Коалиција СЕГА од Прилеп, Битола, Кавадарци, Неготино, Скопје, Делчево, Свети Николе и Струмица. Учесниците на овој тренинг се стекнаа со теоретски и практични знаења и вештини потребни за испорачување на обуки за младинско учество.

Во период од 18 – 20 декември 2009 година во хотел Оаза Штип беше организиран тренинг за Младинско учество. На овој тренинг присуствуваа 16 претставници од 8 младински организации вклучени во активностите од проектот. Тренингот го водеа двајца тренери, учесници на Тренингот за тренери за младинско учество.



## Проект: ''Младински Информативен Центар''

Во Август 2009 година Коалиција на младински организации СЕГА потпиша договор со Агенцијата за млади и спорт за проектот „Младински Информативен Центар – ИНФО СЕГА". Проектот ќе се имплементира во период од 12 месеци од денот на официјалното отворање на Младинскиот Информативен Центар – „ИНФО СЕГА" во Прилеп. Целта на проектот е да се зголеми младинското информирање преку обезбедување на лесно достапни, бесплатни информации и услуги за младите.

Во периодот септември – декември 2009  година се работеше на изнаоѓање на адекватен простор за потребите на Младинскиот Информативен Центар (МИЦ) и беше набавена канцелариска и техничката опрема за истиот. Исто така се започна со подготвување на процедурите за работа на младинскиот информативен центар, како и подготовка на потребната документација за објавување на повик за вработување на персонал кој ќе работи во МИЦ.

Активности кои ќе следат за 2010 година се: објавување на повик за вработување на персонал кој ќе работи во МИЦ, воспоставување на функционален Младински Информативен Центар – „ИНФО СЕГА" ( преку испорачување на бесплатни обуки во следните програми: „Здравство", „Граѓанско образование" и „Вработување", реализирање на студиски посети за персоналот во ЕУ инфо центри и организирање на обуки за персоналот), подготовка на информативен материјал, подготвување на младински информатор – Жолти страни. Целни групи на овој проект се: Млади на возраст од 15 – 30 години, локалната самоуправа Прилеп, подрачните министерства, младински организации и бизнис секторот од Прилеп.

# Институционален развој

## Проект: ’’Административен грант за стратешко планирање’’

Коалиција СЕГА во период од 15 јули – 30 ноември 2009 спроведе процес на Стратешко Планирање како дел од Административниот Грант кој беше одобрен од Институтот за Трајни Заедници. Процесот вклучуваше креирање на нов тригодишен Стратешки План (2010 – 2012) како и креирање на Стратегија за прибирање на финансиски средства – ФР (Fundraising strategy) за имплементација на истиот.

Во првите две недели од имплементацијата на проектот беше формирана работна група за развој на Стратешки План и ФР стратегија. Оваа работна група ја сочинуваа претставници од различни структури на Коалицијата: тимот од централната канцеларија, претставници од регионалните канцеларии, членови на Управниот Одбор и на Надзорниот Одбор како и претставници од основните и придружните членки на СЕГА.



Во периодот од 17 – 20 август 2009 година во хотел Славија во Охрид беше организирана работилница за Стратешко планирање на Коалиција СЕГА. Во текот на работилницата се дефинираа новите насоки и стратегии на Коалиција СЕГА за следните три години. Исто така беше изработен и Акционен План за имплементација на СП за периодот 2010 – 2012 година. По работилницата за стратешко планирање се одвиваше постојана комуникација помеѓу консултантот и членовите на работната група. Тимот од централната канцеларија одржаа повеќе состаноци со цел дефинирање и дополнување на целите од драфт стратешкиот план.

Во насока на развивање на Стратегија за прибирање на финансиски средства на 25 август 2009 година беше објавен Повик за избор на надворешен консултант за развивање на ФР стратегија. Како надворешен консултант за развивање на ФР Стратегија беше селектиран Зоран Стојковски, Извршен директор на Центар за Институционален Развој (ЦИРА). Во периодот од 02 – 04 октомври 2009 година во хотел Климетица – Охрид беше организирана „Работилница за развивање на Стратегија за прибирање на финансиски средства“. Преку оваа работилницата се развија План за Одржливост и се утврдија стратегии за подобрување на процесот на ФР преку користење на различни извори на финансирање.

На 16 и 17 октомври 2009 година, во централната канцеларија во Прилеп, беше организирана втората работилница за развивање на Стратегија за прибирање на финансиски средства на СЕГА. На оваа работилница беа финализирани документите поврзани со стратегијата како што се Планот за Одржливост и Акциониот План за 2010 - 2012 година. Беа развиени драфт организациски буџет за 2010 - 2012 и Стратегијата за прибирање на финансиски средства.



Во наредниот период, изготвените документи на работилницата, консултантот и тимот од централната канцеларија работеа на финализирање на целосната документација кои потоа беа доставеше до Управниот Одбор на Коалиција СЕГА. На 29 ноември 2009, во централната канцеларија, се одржа состанок на Управниот Одбор на Коалиција СЕГА. На состанокот, Управниот Одбор, едногласно го усвои Стратешкиот План за работа на Коалицијата за периодот 2010 – 2012 година, Акциониот План, Организацискиот Буџет и Стратегијата за прибирање на финансиски средства на СЕГА.

# Организациски активности

## Меѓународна соработка

- Job Shadowing – Долна Нормандија

Во јули 2009 година, претставник од Коалиција СЕГА учествуваше на Job shadowing (скенирање на работно место) во Каен, Долна Нормандија – Франција. Овој процес беше финансиски поддржан од Агенцијата за Локална Демократија (Association for Local Democracy Agencies). Преку овој настан, претставникот на Коалиција СЕГА се стекна со знаења и искуства за функционирањето на младинските центри во Долна Нормандија, кои би можеле да се применат во Македонија. Ова искуство беше искористено при креирањето на новиот стратешки план на СЕГА.

- Студиска посета во Белгија

Во текот на октомври 2009 година, Коалицијата СЕГА учествуваше на студиска посета во Белгија организирана од страна на IN PETTO, организација членка на интернационалната мрежа ERYICA (European Youth Information and Counselling Agency). Оваа студиска посета се однесуваше на посета и скенирање на начинот на функционирање на младинското информирање во Белгија, кој модел е еден од најдобрите во Европа. На овој настан претставниците на СЕГА се стекнаа со знаења и искуства во полето на младинското информирање – младинските информативни центри, чие што воспоставување во Македонија е предвидено со Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади.

- Регионален состанок: „Оспособување на младинските информативни сервиси и структури во регионот на Западен Балкан“ - Хрватска

Во период од 20 – 22 ноември 2009 година, претставник на Коалиција СЕГА учествуваше на регионалниот состанок кој се одржа во Бизовац – Хрватска на тема „Оспособување на младинските информативни сервиси и структури во регионот на Западен Балкан“. На состанокот се дискутираше за добрите примери и пракси од имплементацијата на механизми за младинско информирање во земјите од Западен Балкан. Коалиција СЕГА беше во својство на претставник од Република Македонија, со цел да го презентира проектот преку кој за прв пат во Македонија ќе се воспостави Младински Информативен Центар во текот на 2010 година.

- Семинар за „Младинско информирање и младинска политика“ - Холандија

Во период од 01 – 06 декември 2009 година Коалицијата СЕГА учествуваше на семинарот „Младинско информирање и младинска политика“ организиран од Европската Агенција за Младинско Информирање и Советување – ERYICA.  Овој семинар имаше за цел да ги собере заедно актерите на полето на младинското информирање од Европските држави, да овозможи меѓусебно учење, размена на добри пракси и да стимулира взаемно креирање на идни проекти. Паралелно со семинарот се одржуваше и 20$^{\text{то}}$ Генерално Собрание на ERYICA што воедно претставуваше и можност за средби со претставниците на организациите членки на ERYICA. Коалицијата СЕГА на овај настан ја претставуваше Извршниот директор кој меѓу другото за време на семинарот ја претстави состојбата со младинската политика и

младинското информирање во Македонија, воспостави нови контакти со претставници на организации од Европа, Југо Источна Европа и Балтичкиот Регион. За време на Генералното Собрание на ERYICA, Извршниот директор ја презентираше работата на СЕГА, оствари средба со Извршниот директор на ERYICA и поднесе апликација за зачленување во оваа асоцијација како организација соработник.

- Белградски Самит 2009

Во период од 04 – 06 декември 2009 година, Коалиција СЕГА учествуваше на Белградскиот Младински Самит 2009, во организација на Youth Initiative for Human Rights од Белград. На овој Самит учествуваа повеќе од 300 младински делегати, како и високи претставници од ЕУ и земјите од Западен Балкан. Коалиција СЕГА учествуваше на сите отворени сесии и во две работни групи: „Младите во процесите на донесување на одлуки – Улога и влијание“ и „Младински мрежи“.

За време на самитот, претставникот на Коалиција СЕГА се сретна и со Директорот на National Endowment for Democracy. На состанокот се дискутираше за состојбата со имплементацијата на тековните проекти, финансирани од NED, како и за плановите на СЕГА за идни проекти.

- Европски Волонтерски Сервис

Во втората половина на 2009 година, Коалиција СЕГА преговараше со организации од регионот на Долна Нормандија, Франција, во насока на развивање на проект за аплицирање на партнерски ЕВС проект (Европски Волонтерски Сервис). Како резултат на овие преговори, беше аплициран и одобрен проект од програмата ЕВС, со кој во текот на 2010 година Коалиција СЕГА ќе биде организација домаќин на ЕВС волонтер во период од една година.

## Контакт точка за програмата Млади во Акција

Во јуни 2009 Коалицијата на младински организации СЕГА, врз основа на јавен повик, беше номинирана за Контакт Точка на Програмата „Млади во Акција“ од страна на Националната Агенција за Европски Образовни Програми и Мобилност. Коалицијата спроведе неколку консултации - презентации во централната канцеларија за заинтересирани НВОи, средношколци и студенти како и една промоција на програмата во просториите на Локалната Самоуправа во Прилеп.

## Соработка со институции

- Потпишани документи за соработка

Во текот на 2009 година беа потпишани:

- 3 Меморандуми за соработка со Невладини организации (ЗГ „Визија нова“, ЗГ Културно движење на младите „ПОСТМОДЕРНА“, ЗГ Млади Ентузијасти), за потребите на проектот „Младите во процесите на застапување на локално ниво“;
- 7 Меморандуми за соработка со НВОи (ЗГ Голем Град, Младински Совет Прилеп, Младински Совет Форса, ЗГ ГЦПР, ЗГ Зона Кавадарци, Форум на млади Битола, ОКО Струга), за потребите на проектот „Промовирање на младинскиот активизам во неразвиените региони“;
- 3 Меморандуми за соработка со Агенцијата за млади и спорт за проектите: „Локални Младински Стратегии“, „Младински Информативен Центар“, и „Вклучете не СЕГА“

- 1 Меморандум за соработка со Министерството за образование и наука за проектот „Едукација на млади гласачи“;
- 4 Меморандуми за соработка со локалните самоуправи на Радовиш, Свети Николе, Кавадарци и Делчево, за потребите на проектот „Младите во процесите на застапување на локално ниво“;
- 2 Меморандуми за соработка со Pestalozzi Children's Foundation, за проектите: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија“ и „Промовирање на Конвенцијата за правата на детето помеѓу децата во Република Македонија“
- 1 Меморандум за соработка со АРБО Травел,
- 1 Меморандум за соработка со Мировниот Корпус во Македонија, за добивање на волонтер;
- 1 Договор за соработка со ТВ АБ Канал;
- Договор за Контакт точка за програмата во Млади во Акција со Национална Агенција за Европски образовни програми и мобилност;
- 3 Договори за менторство (1 во Тетово и 2 во Охрид) во рамките на проектот „Учество на младите во процесите на креирање политики – Вклучете не СЕГА“;
- 1 Договор со Центарот за истражување и креирање политики како и
- Договор помеѓу Коалиција СЕГА и Агенцијата за локални демократии АЛДА за job shadowing.
- 10 Изјави од градоначалници за учество во проектот „Локални младински стратегии“
- 3 Изјави од градоначалници за учество во проектот „Совети на млади во општините“
- 6 Меморандуми со Основни училишта од Македонија (ООУ Рампо Левката – Прилеп, ООУ Цветан Димов – Скопје, ООУ Христо Узунов – Охрид, ООУ Братство Миѓени – Тетово, ООУ Гоце Делчев – Штип и ООУ Јане Сандански – Штип), за потребите на проектот „Промовирање на Конвенцијата за правата на детето во РМ“.

- **Конференција на Агенција за млади и спорт**

На 17 ноември 2009 година Агенција за млади и спорт на РМ со поддршка на Коалиција СЕГА во салата на Градско Собрание - Скопје организираа конференција на тема ПРОМОЦИЈА НА ПРИОРИТЕТИ НА СЕКТОР МЛАДИ ЗА 2010 ГОДИНА.

На овој настан присуствуваа 52 претставници од здруженија на граѓани на РМ и претставници од Владините институции. Програмата на конференцијата се одвиваше во два дела:
Прводиот дел беше презентација на приоритетните области за работа на сектор млади при Агенцијата за млади и спорт, како и презентација на Правилникот за работа на комисијата за распределба на средствата за подржување на проекти од областа на младите за 2010 година.

Во вториот дел се прибираа информации од НВО секторот и Владините институции за веќе имплементираните проекти од приоритетите на Акциониот план за имплементација на Националната стратегија за млади на Република Македонија.. Овој дел беше фасилитиран од страна на 8 фасилитатори - претставници од Коалиција СЕГА според однапред претходно дефинирана методологија.

# Финансии & Администрација

## *Баланс на приходи и расходи - Коалиција СЕГА - 2009 година*

| | МКД |
|---|---|
| **Состојба на 01.01.2009** | **2.357.826,50** |
| | |
| **ПРИХОДИ** | |
| Членарина | 33.000,00 |
| Наменски донации | 9.414.587,50 |
| Приходи од орочени средства | 33.827,00 |
| Приходи од банкарски камати | 9.079,00 |
| **Вкупно приходи** | **9.490.493,50** |
| | |
| **РАСХОДИ** | |
| ПЛАТИ (Хонорари) | 2.746.662,00 |
| Консултанти | 1.188.495,00 |
| Патни трошоци | 850.601,00 |
| Хотелско сместување | 1.226.530,00 |
| Дневници | 19.666,00 |
| Освежување за учесници | 115.157,00 |
| Материјали за обуки | 136.148,00 |
| Телефон и интернет | 240.754,00 |
| Фотокопирање | 51.461,00 |
| Канцелариски материјали | 50.877,00 |
| Опрема | 478.498,00 |
| Печатени материјали (брошури, флаери....) | 301.665,00 |
| Грантови | 443.561,00 |
| Банкарски трошоци | 27.527,00 |
| Надомест за услуги (сметководител, ....) | 7.000,00 |
| Други трошоци | 298.233,00 |
| Орочени средства | 2.000.000,00 |
| **Вкупно расходи** | **8.182.835,00** |
| **Состојба на банкарската сметка на 31.12.2009** | **1.665.485,00** |

# Административна рамка

**Управниот одбор** на Коалиција СЕГА се состана 4 пати во текот на 2009 година (7 март 2009, 07 август 2009, 18 август 2009 и 29 ноември 2009 година). На состаноците се дискутираше за имплементацијата на тековните активности на СЕГА, се разгледуваа новите апликации за членство во коалицијата, и беа донесени правила и процедури за работата на Коалиција СЕГА. Во август се распиша конкурс за Извршен директор на Коалиција СЕГА. На следниот состанок на Управниот Одбор, Зоран Илиески повторно беше избран за Извршен директор на СЕГА.

**Собранието** на Коалиција СЕГА се состана на 07 март 2009 година. На ова седница на Собранието на СЕГА беше усвоен записникот на претходната седница на Собранието, беше разгледан и усвоен извештајот од Надзорниот Одбор на СЕГА, беа усвоен програмскиот и финансискиот извештај за работата на СЕГА за периодот на 2008, беше усвоена Годишната Програма за работа за 2009, беше извршен избор на Надзорниот Одбор и беше извршено ревидирање на членството.

Во текот на 2009 година, Коалиција СЕГА потпиша договор со Мировниот Корпус на Соединетите Американски Држави, со кој СЕГА доби волонтер, кој ќе работи во Коалиција СЕГА за период од две години.

Во поглед на јакнење на капацитетите на персоналот**,** тимот на Коалиција СЕГА учествуваше на обуки организирани од Институтот за трајни заедници, Канцеларијата на УНИФЕМ во Македонија и Детската Фондација Песталоци.

До 31 декември 2009 година во Коалиција СЕГА членуваат вкупно **34 младински организации (18 основни и 16 придружни организации членки)**.

# За СЕГА

Иницијативата за формирање на Коалиција на младински организации беше покрената од страна на Младински Совет - Прилеп и две партнер-организации за аплицирање и имплементација на проектот "Младински Национален Акционен План". Како продолжение на започнатиот процес, Коалицијата на Младински организации "СЕГА" неформално е формирана на 20 јануари 2004 година со цел да придонесе кон процесот на креирање и имплементација на Националната стратегија за млади на РМ и да помогне во исполнување на потребите на младите. На **27 септември 2004 година** Собранието на СЕГА донесе одлука за формално регистрирање на Коалицијата како здружение на граѓани.
Членството на Коалицијата (во овој момент) го сочинуваат 18 полноправни и 16 придружни организации-членки.

Управувачката структурата ја сочинуваат следниве органи:

- Собрание - составено од сите членки;
- Управен одбор - составен од 5 претставници од организации полноправни членки;
- Надзорен одбор - составен од 3 членови.

Извршната структура е организирана во Централна канцеларија со седиште во Прилеп и 5 регионални канцеларии во: Штип, Охрид, Тетово и 2 во Скопје.

**Визија**
СЕГА е одржлива и развиена младинска организација која делува на локално, национално и регионално ниво, долгорочен и сериозен партнер во имплементација на младински програми заедно со младите, НВО-и, државните институции и бизнис-секторот.
Нашето делување доведува до подобрена општа состојба на младите, нивна вклученост во донесување одлуки и примена на законски регулативи.
Нашиот успех се препознава во промовирањето на младите како ресурс во општеството, спремни да одговорат на новите предизвици.

**Мисија**
Коалицијата на младински организации "СЕГА" работи на развивање и примена на младинските политики во РМ, ги поврзува и јакне младите со цел подобрување на нивната општа состојба.

**Вредности и принципи на работа**

- Меѓусебна поддршка;
- Волонтерство;
- Промовирање на младите како ресурс;
- Младински активизам;
- Младинска партиципација;
- Транспарентност;
- Демократија, меѓусебна доверба и соработка;
- Организирање и вклучување на младите;
- Развој на заедниците;
- Информираност;
- Застапување и лобирање за младинска политика.

Организациските и проектните активности на СЕГА во 2009 година беа поддржани од следните донатори:

- Детска Фондација Песталоци (Pestalozzi Children's Foundation)
- Национален Фонд за Демократија (National Endowment for Democracy)
- Институт за Трајни Заедници (Institute for Sustainable Community)
- Балкански Фонд за Демократија (Balkan Trust for Democracy)
- Асоцијација на Агенции за Локална Демократија (Association for Local Democracy Agencies)
- Канцеларија на УНИФЕМ во Македонија
- Агенција за млади и спорт на Република Македонија
- Генерален Секретаријат при Владата на Република Македонија
- Национална Агенција за Европски Едукативни Програми и Мобилност
- Министерство за Култура на Република Македонија